# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА КОЛИЧИНАТА НА СЕМЕНСКИОТ И САДНИОТ МАТЕРИЈАЛ ОД СОРТА КОЈА Е ВО ПОСТАПКА НА ИСПИТУВАЊЕ ЗА ВНЕСУВАЊЕ ВО НАЦИОНАЛНА СОРТНА ЛИСТА ОД ЖИТНИ, ФУРАЖНИ, РЕПА, ГРАДИНАРСКИ, МАСЛОДАЈНИ И ВЛАКНОДАЈНИ РАСТЕНИЈА, КОМПИР И ВИНОВА ЛОЗА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува количината на семенскиот и садниот материјал од сорта која е во постапка на испитување за внесување во национална сортна листа од житни, фуражни, репа, градинарски, маслодајни и влакнодајни растенија, компир и виова лоза и начинот на водење на евиденција.

### Член 2

Количините на семенскиот и садниот материјал од сорта која е во постапка на испитување за внесување во национална сортна листа од житни, фуражни, репа, градинарски, маслодајни и влакнодајни растенија, компир и виова лоза се:

| Р. бр | Култура (вид) | Количини на семе во килограми (кг.) |
|---|---|---|
| 1. | Пченица, јачмен, 'рж, тритикале и овес | 150 |
| 2. | Пченка | 50 |
| 3. | Сирак | 30 |
| 4. | Елда | 100 |
| 5. | Ориз | 150 |
| 6. | Просо | 20 |
| 7. | Шеќерна/Сточна репа | 5 |
| 8. | Маслодајна репка | 10 |
| 9. | Класести треви | 70 |
| 10. | Мешункасти растенија | 10 |
| 11. | Други видови фуражни растенија | 70 |
| 12. | Кикиритки | 50 |
| 13. | Кафеав/Црн/Бел синап | 20 |
| 14. | Сурепка (огрштица) | 10 |
| 15. | Коноп | 5 |
| 16. | Сафлор (шафраника) | 10 |
| 17. | Ким | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 18. | Соја | 100 |
| 19. | Памук | 50 |
| 20. | Сончоглед | 10 |
| 21. | Лен | 30 |
| 22. | Афион | 1 |
| 23. | Сусам | 30 |
| 24. | Тутун | 1 |
| 25. | Компир | 500 |
| 26. | Кромид | 5 |
| 27. | Праз | 5 |
| 28. | Маргаритка | 2 |
| 29. | Геревис | 3 |
| 30. | Лук (чешниња) | 10 |
| 31. | Аспарагус (шпаргла) | 3 |
| 32. | Блитва | 3 |
| 33. | Цвекло | 3 |
| 34. | Брокола, Карфиол, Кељ, Кељ пупчар | 3 |
| 35. | Бела/Црвена/Кинеска зелка | 1 |
| 36. | Целер | 3 |
| 37. | Алабаш | 3 |
| 38. | Репка | 2 |
| 39. | Пиперка | 1 |
| 40. | Ендивија | 1 |
| 41. | Цикорија | 0,5 |
| 42. | Лубеница | 3 |
| 43. | Диња | 3 |
| 44. | Краставица | 3 |
| 45. | Тиква | 3 |
| 46. | Тиквичка | 3 |
| 47. | Артичока | 2 |
| 48. | Морков | 2 |
| 49. | Анасон | 5 |
| 50. | Салата | 1 |
| 51. | Домат | 3 |
| 52. | Магдонос | 1 |
| 53. | Боранија | 15 |
| 54. | Грав | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| 55. | Грашок | 15 |
| 56. | Ротква | 10 |
| 57. | Црн корен | 1 |
| 58. | Модар патлиџан | 1 |
| 59. | Спанаќ | 20 |
| 60. | Мотовилец | 3 |
| 61. | Бакла | 15 |

| **Р. бр** | **Култура (вид)** | **Количини на саден материјал во броја** |
|---|---|---|
| 1. | Винова лоза | 100 |

**Член 3**

Евиденцијата за количините на семенскиот и садниот материјал од член 2 на овој правилник се води на хартија во бела боја во А4 формат и ги содржи следните податоци:
- реден број,
- снабдувач (назив и адреса),
- број на барање,
- култура (вид)/латинско име,
- сорта/подлога,
- количина на семенски/саден материјал,
- вид на пакување,
- број на парцела и површина на која е поставен семенскиот/садниот материјал и
- забелешка.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.18-202/2
2 јуни 2015 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков,** с.р.